# Јавен повик за зголемување на дигитални вештини и отворање на нови е-продавници „Дигитално подготвени за е-трговија”

## 1. Основни информации

Асоцијацијата за е-трговија на Македонија, на 16.10.2023 година, во рамки на проектот „Дигитално подготвени за е-трговија“ објавува јавен повик за поддршка на микро, мали и средни претпријатија - ММСП за пласирање на нивните производи и услуги на домашните веб платформи за е-трговија.

Проектот „Дигитално подготвени за е-трговија“ кој е поддржан од USAID Economic Development, Governance and Enterprise Growth Project (EDGE), има цел да им помогне на локалните ММСП да ги продаваат своите производи преку Интернет, преку едуцирање на учесниците во програмата за зголемување на нивните дигитални вештини, поврзување и започнување на соработката со локалните веб-платформи за е-трговија.

## 2. Цел

Целта на Јавниот повик е поддршка на домашните агро производители, производители на производи од текстил и дрво, како и поединци и бизниси кои доаѓаат од секторот за туризам и кои сакаат да ги пласираат своите производи и услуги надвор од својата локална средина и да започнат со нивна продажба со помош на е-трговијата.

Со овој повик, Асоцијацијата за е-трговија на Македонија влијае на подигнување на свеста за бенефитите од е-трговијата и зголемување на понудата за е-трговијата во нашата земја. Исто така, целта е да се поддржат повеќе локални бизниси да ги зголемат своите дигитални вештини и да ја искористат е-трговијата како дополнителен продажен канал на своите производи, кој ќе им овозможи да ги пораснат своите бизниси и своето дигитално присуство.

## 3. Кој може да учествува

Јавниот повик е отворен за сите микро, мали и средни претпријатија кои сакаат да ги пласираат своите производи на домашните веб платформи за е-трговија и кои доаѓаат од следниве три сектори:

- Агро производство (производи од свежи или процесирани овошја и зеленчук);

- Лесно производство - Облека и текстил; Преработка на дрво и производство на мебел;
- Влезен туризам за следниве видови туризам: екотуризам, рурален туризам и авантуристички туризам;

### 4. Како да се пријавите и рок за аплицирање

За да се пријавите треба комплетно да ја пополните онлајн апликацијата **тука,** најдоцна до 24.10.2023. По завршување на рокот, комисија од експерти поврзани со е-трговија ќе ги разгледува апликациите и по однапред утврдени критериуми ќе овзможи 30 апликанти да добијат поддршка за развој на нивните дигитални вештини и можност за пласман на своите производи или услуги на локалните веб платформи за е-трговија.

### 5. Буџет/ Трошоци

Целосниот износ на средствата потребни за тренинзи за унапредување на дигиталните вештини на избраните апликанти, како и средствата потребни за поврзување на избраните учесници со локалните веб платформи и започнување со онлајн продажба го обезбедува АЕТМ преку проектот „Дигитално подготвени за е-трговија“ кој е поддржан од USAID Economic Development, Governance and Enterprise Growth Project (EDGE), Избраните учесници нема да сносат никакви трошоци за учество во програмата.

### 6. Критериуми за пријавување на апликантите

Апликантот треба да исполнува еден од следните критериуми за подобност:

- Регистриран правен субјект
- Регистрирано физичко лице производител на прехрамбени производи
- Регистриран индивидуален земјоделец
- Регистриран занаетчија

### 7. Очекувано учество од апликантите

Одбраните апликанти треба:

- да пополнат прашалник за утврдување на нивните потреби и нивото на нивните досегашни дигитални вештини;
- активно да следат 3 (три) бесплатни еднодневни обуки за развој на дигиталните вештини поврзани со е-трговија;
- да ги следат насоките на тимот на АЕТМ за презентација на своите производи и услуги пред локалните веб платформи за е-трговија;

- да се вклучат во процесот за онлајн продажба на своите производи или услуги на некоја од локалните веб платформи за е-трговија;

## 8. Критериуми за евалуација

- Комплетност при пополнување на апликацијата
- Правен статус на апликантот (дали е регистриран правен субјект/ физичко лице производител/ занаетчија)
- Претходно/тековно искуство со онлајн продажба
- Потенцијал за онлајн продажба на производите или услугите
- Капацитет за спроведување на предложената активност (тим, ресурси)
- Претходно искуство во продажба на своите производи или услуги (со обезбедени потребни дозволи доколку е апликативно за секторот)

## 9. Избор и евалуација

Евалуацијата на апликациите ќе ја прави комисија составена од експерти од е-трговијата, која индивидуално ќе ги оценува сите апликации. Апликантите чии апликации ќе добијат најмногу вкупни поени, ќе бидат избрани и ќе бидат јавно објавени на веб страницата на АЕТМ и контактирани на приложените мејл адреси. Апликантите кои нема да бидат селектирани за учество во програмата исто така ќе бидат известени на приложените мејл адреси. Апликантите кои претставуваат бизнис основан или управуван од жена имаат приоритет во процесот на евалуација.

## 10. Рок на започнување со учество во проектот

Рокот за започнување со учество во проектот е веднаш по потпишувањето на договор за учество со АЕТМ преку кој учесникот ќе се обврзе на пополнување прашалник за утврдување на потребите и нивото на поседување на дигитални вештини, следење на трите бесплатни еднодневни обуки за развој на дигиталните вештини и презентација и онлајн продажба на своите производи и услуги на локалните веб платформи.

## 11. Времетраење на поддршката

Времетраењето на програмата за кој се доделува поддршка преку овој Јавен повик е до 31 мај 2024 година.